# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

| | |
|---|---|
| Наслов на проектот | Јакнење на капацитетите и механизмите за поддршка на реформскиот процес на Поглавје 20 (YESNetwork+) |
| Референтен број | EuropeAid/151569/DD/ACT/MK |
| Координатор | ПСМ Фондација |
| Изработено од | МИР Фондација |

**Скопје, август 2017**

## СОДРЖИНА

1. ВОВЕД ........ 3
2. АНАЛИЗА НА ПОТРЕБИТЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ........ 4
2.1 Област 1. Приоритетни области од Поглавје 20 – Претпријатија и индустриска политика ....... 4
2.2 Област 2. Унапредување на капацитетите на граѓанскиот сектор од Поглавје 20 ........ 13
2.3 Област 3. Потребни ресурси и облици на делување на граѓанските организации ........ 15
3. ЗАКЛУЧОК ........ 18
4. АНЕКС 1 ........ 20



ПСМ Фондација
02 3108 891
www.yes-network.org
contact@yes.org.mk

## 1. ВОВЕД

Проектот “Јакнење на капацитетите и механизмите за поддршка на реформскиот процес на Поглавје 20 (YESNetwork+)” цели да постигне координација помеѓу граѓанските организации во реформскиот процес за Поглавје 20, да ги зајакне капацитетите на граѓанските организации за креирање на политики, вмрежување и мониторирање на политиките за Поглавје 20, да се подобри координацијата и трансферот на знаење помеѓу граѓанските организации и останатите релевантни чинители и да се подигне свеста за значењето на Поглавје 20 за целокупниот напредок на земјата кон ЕУ.

Со цел обезбедување на адекватно вклучување на граѓанските организации во реформските процеси на Поглавје 20 потребно е да се осигура соодветно разбирање на самата област преку изведување на почетно истражување или основна студија на реформското поглавје. Пронајдоците од студијата се од големо значење за подобро планирање на идните проектни активности и за искористување на капацитетите на постоечките мрежи при креирањето на ефективна и кредибилна платформа за Поглавје 20. Студијата ги опфаќа следните чекори:

- Анализа на чинители, преку мапирање и аналитички алатки се дефинираат клучните чинители од јавниот и граѓанскиот сектор за Поглавје 20
- Истражување на потребите на граѓанските организации – чинители, со посебен акцент на нивото на запознаеност со реформското поглавје, потребни вештини и ресурси
- Експертска анализа на Поглавје 20 и креирање на информативен документ за истото

Истражувањето на потребите на граѓанските организации е направено преку дистрибуирање на прашалник (Анекс 1) до над 80 граѓански организации идентификувани во рамки на процесот на анализа на чинители. Прашалникот содржи три области:

1) Приоритетни области од Поглавје 20 – Претпријатија и индустриска политика;
2) Унапредување на капацитетите на граѓанскиот сектор од Поглавје 20; и
3) Потребни ресурси и облици на делување на граѓанските организации

Во овој документ се претставени сумарните резултати од анализата на одговорите доставени од страна на 48 од контактираните граѓански организации. Истите ќе помогнат при процесот на планирање на активностите за градење на капацитети, при дефинирање на областите за делување на платформата Поглавје 20, како и при утврдување на структурата на ресурсниот центар.

## 2. АНАЛИЗА НА ПОТРЕБИТЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

### 2.1 Област 1. Приоритетни области од Поглавје 20 – Претпријатија и индустриска политика

**1. Во колкава мерка вие лично сте запознаени со процесот на реформи во Поглавје 20?**




Најголемиот дел од граѓанските организации има одредени познавања на Поглавје 20, 18,8% од релевантните чинители се во голема мерка запознаени, додека само 1 од испитаниците одговорил дека е целосно запознаен со реформското Поглавје 20.

**2. Дали вашата организација работела на теми/прашања поврзани со Поглавје 20 (принципи, инструменти и политики)?**




Над 66% од испитаниците одговориле дека нивните организации работат на полето на Поглавје 20, а 33% сметаат дека нивната организација не делува на истото. Анализата на дел од негативните одговори споредена со областите на делување на организациите укажува дека некои од нив сепак делуваат во области релевантни за истражувањето, но тоа не е соодветно препознаено од нивна страна. Слично, веќе на следното прашање 3, процентот на граѓански организации кои не делуваат на полетот на Поглавје 20 е помал и изнесува 22,9%, а кај прашање 4 истиот изнесува 16.7%.

**3. Доколку одговоривте со „ДА“, наведете ги областите во кои делувате (може да одберете повеќе од еден одговор):**




Граѓанските организации најмногу делуваат на полето на подобрување на конкурентноста, иновативноста и претприемништвото, потоа на пристапот на МСП до финансиски услуги и РИА. Во категоријата „друго” граѓанските организации ги наведоа следните активности:

- Промоција и иновативност во занаетчиството
- Развој на претприемачка култура кај младата популација
- Промовирање на општествената одговорност на претпријатијата

**4. Ве молиме наведете ги конкретните активности што ги спроведувате (може да одберете повеќе од еден одговор):**



Најголемиот дел од граѓанските организации изјавиле дека спроведуваат истражувачки активности и обезбедуваат услуги и инструменти за поддршка на МСП и претприемништвото, додека пак бројот на организации вклучени во процесите на креирање и мониторинг на имплементација на политики е помал. Дополнително, граѓанските организации делуваат и на полето на развој на социјалното претприемништво, финансиската едукација и на резимирање на ставовите на релевантни граѓански организации.

**5. Колку сте запознаени со опфатот и примената на следните стратешки и програмски документи?**




| | | | |
|---|---|---|---|
| Спогодба за асоцијација и стабилизација | Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија | Стратегија ЕУ 2020 | Стратегија за ЈИЕ 2020 |



| | | | |
|---|---|---|---|
| Индустриска политика на РМ (2009-2020) | Стратегија за развој на занаетчиството (2011-2020) | Стратегија за иновации (2012-2020) | Програма за конкурентност, иновативност и претприемништво – Министерство за економија |



| | | | |
|---|---|---|---|
| Програмата за поддршка на конкурентност, иновативност и претприемништво на МСП (Агенција за поддршка на претприемништвото на РМ) | Програма за развој на туризмот – Министерство за економија | Програма за поддршка и промоција на туризмот (Агенција за поддршка и промоција на туризмот) | Стратегија за конкурентност со акционен план на Република Македонија 2016-2020 |

Граѓанските организации најмногу се запознаени со програмите за поддршка на конкурентност, иновативност и претприемништво од Министерството за економија и Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија. Најмалку сознанија имаат за политиките и програмите за поддршка на занаетчиството и туризмот. Дополнително, недоволно сознанија има и за НПАА, Стратегијата за ЈИЕ, Индустриската политика на РМ и Стратегијата за конкурентност.

**6. Колку сте запознаени со активностите и инструментите на реформскиот процес во Поглавје 20?**




| | | | |
|---|---|---|---|
| Активности на Националниот совет за претприемништво и конкурентност (НСПК) | Регулаторна гилотина и проценка на влијанието на регулативата (ПВР & РИА) | Единствен национален електронски регистар на прописи - ЕНЕР | Портал КОНКУРЕНТНОСТ.МК |



| | | | |
|---|---|---|---|
| Мастер план за конкурентност на РМ | Мерки за поддршка на претприемништвото | Мерки за поддршка на кластерското здружување | Мерки за поддршка на занаетчиството |



| | | | |
|---|---|---|---|
| Мерки од индустриската политика за поддршка на МСП | Мерки на Македонската банка за поддршка на развојот (МБПР)/кредитни линии на ЕИБ | Учество во програми на заедницата (Хоризонт 2020 и КОСМЕ) | Фонд за иновации и технолошки развој (ФИТР) |



| | | | |
|---|---|---|---|
| Регионален фонд за иновации ENIF | Платформа за развој на претпријатија и иновации за Западен Балкан - WBIF | Мерки за поддршка и промоција на туризмот | Мерки за поддршка на странски директни инвестиции (СДИ) |



ПСМ Фондација
02 3108 891
www.yes-network.org
contact@yes.org.mk

Граѓанските организации најмногу се запознаени со мерките за поддршка претприемништвото, за поддршка на странски директни инвестиции, со мерките на МБПР и ФИТР, а во одредена мера и со порталот конкурентност.мк и учеството во програмите на заедницата (Хоризонт 2020 и КОСМЕ). Во линија со одговорите на претходното прашање, најмали сознанија постојат за мастер планот за конкурентност и мерките за поддршка на туризмот, занаетчиството и индустриска политика. Воедно, се утврдува и потреба за зголемена информираност за активностите на НСКП и РИА, како и за ENIF и WBIF ако се земе предвид дека голем дел од организациите се инволвирани во пружање на поддршка на МСП.

**7. Ве молиме да го оцените нивото на задоволување на потребите на целните групи за секоја активност и инструмент преку избор на оценка од 1 (најниско) до 5 (највисоко):**









ПСМ Фондација
02 3108 891
www.yes-network.org
contact@yes.org.mk



| | | |
|---|---|---|
| Мерки за поддршка на занаетчиството | Мерки од индустриската политика за поддршка на МСП | Мерки на Македонската банка за поддршка на развојот (МБПР)/кредитни линии на ЕИБ |



| | | |
|---|---|---|
| Учество во програми на заедницата (Хоризонт 2020 и КОСМЕ) | Фонд за иновации и технолошки развој (ФИТР) | Регионален фонд за иновации ENIF |



| | | |
|---|---|---|
| Платформа за развој на претпријатија и иновации за Западен Балкан - WBIF | Мерки за поддршка и промоција на туризмот | Мерки за поддршка на странски директни инвестиции (СДИ) |

Анализата на добиените одговори укажува на еден генерален недостаток од континуиран фидбек од целните групи. Имено, во најголем дел граѓанските организации се изјасниле дека немаат сознанија за тоа до кој степен мерките од Поглавје 20 се соодветни за задоволување на потребите на оние за кои се наменети – претпријатијата. Разбирливо е да се нема вакви сознанија за оние области за кои генерално помалку се знае (пр. мастер план за конкурентност) или за оние каде делуваат помал дел на организации (пр. туризам). Како и да е, за мерките за кои постои висок степен на свесност и во чие креирање и/или имплементација учествуваат и самите организации, би се очекувало поголема свесност за адекватноста на истите. До одредена мера тоа е последица и на недостиг на мерење на ефектите од програмите што би се вршело на континуирана основа од страна на имплементаторите на програмите, а во што би биле вклучени и граѓанските организации. Сепак, и самите граѓански организации треба да работат повеќе со своите целни групи на анализа на нивните потреби и прибирање на фидбек по основ на постоечките програми, а кој подоцна преку процес на застапување и лобирање би го пренеле до соодветните институции.

**8. Ве молиме изразете го вашето мислење во однос на потребата од следните активности:**






| | | |
|---|---|---|
| Изработка на законска регулатива за бизнис ангели | Едношалтерски систем за домашни и странски инвеститори | Формирање мрежа на експерти кои ќе нудат услуги на иновативните компании |



| | | |
|---|---|---|
| Проширување на ваучерскиот систем на советување и проектот Инфо Пулт (АППРМ) | Веб портал со интегриран систем за водење на туристички и угостителски регистри | Проект рурални туристички развојни зони |

Во рамките на ова прашање, граѓанските организации имаа можност да дадат свое мислење во врска со предложените мерки за унапредување на Поглавје 20, како што се прикажани во последната јавно достапна верзија на НПАА 2016. Сите предложени активности се оценети како доста релевантни и потребни, а две од нив (Едношалтерски систем за домашни и странски инвеститори, и Формирање мрежа на експерти кои ќе нудат услуги на иновативните компании) се издвоија како најрелевантни од гледна точка на организациите испитаници. Проширувањето на мерките за поддршка на МБПР и АППРМ исто така е издвоено како потребно, додека нешто помал интерес е изразен за изработка на законска регулатива за бизнис ангели.

**9. Дали сметате дека треба да се воведат нови политики по сектори во Поглавје 20?**




**10. Доколку одговоривте со „ДА“, наведете го секторот/ите за кои сметате дека треба да бидат адресирани во Поглавје 20:**

Моментално, освен за туризам, Поглавје 20 не се фокусира на некој друг сектор од индустријата или бизнисот. Само мал дел од испитаниците имаат јасен став по однос на тоа дали се или не се потребни нови секторски политики како дел од реформските приоритети. Со оглед на недостатокот на собирање на релевантен фидбек од целните групи, не зачудува што најголемиот дел од испитаниците (72,9%) немаат одредено мислење по ова прашање. Воглавном коментарите се однесуваат на веќе постоечки мерки (кои секако секогаш може да се унапредат) како што се поддршка на старт ап и спин оф компании, поддршка на МСП, женско претприемништво, конкурентност и иновации. Единствен конкретно предложен сектор е текстил, облека и кожа.

## 2.2 Област 2. Унапредување на капацитетите на граѓанскиот сектор од Поглавје 20

**11. Како ги оценувате капацитети на вашата организација за работа на теми релевантни за Поглавје 20?**




Најмалку половина од испитаните граѓански организации сметаат дека постои простор за унапредување на нивните капацитети за работа на теми што се релевантни за Поглавје 20. Само 6 организации сметаат дека поседуваат целосно развиени капацитети за работа на реформските приоритети на Поглавје 20.

**12. Ве молиме дадете оценка на нивото на вашите вештини преку избор на оценка од 1 (најниско) до 5 (највисоко) за:**



| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Креирање на политики и програми за Поглавје 20 | Мониторинг и евалуација на политики и програми, креирање на документи за јавни политики | Креирање и/или имплементација на Поглавје 20 инструменти | Застапување и комуникација на интересите на целните групи | Организирање на јавни расправи и друг тип на консултативни и фидбек активности |

Со анализа на добиените одговори може да се воочи дека е потребно да се работи повеќе на градење на капацитети на граѓанските организации за креирање на политики, програми и инструменти од области релевантни за Поглавје 20. Испитаниците сметаат дека поседуваат соодветни вештини за организирање на јавни расправи и друг тип на консултативни и фидбек активности.

**13. Ве молиме да ги одберете активностите што би биле од значење од аспект на градење или зајакнување на капацитетите за работа на теми поврзани со реформите во Поглавје 20 (може да се одберат повеќе одговори):**




Најголемиот дел од испитаниците (41) би сакале да земат учество во тематски експертски работилници за анализа на решенија поврзани со политиките, инструментите и програмите на Поглавје 20. Сите облици на градење на капацитети предвидени во проектот се оценети како позитивни, со тоа што одредена предност е дадена на информативни состаноци за процесот на реформа во Поглавје 20, како и на обуките за креирање и мониторинг на политики и за составување/пишување на истражувачки проекти поврзани со реформскиот процес во Поглавје 20.

## 2.3 Област 3. Потребни ресурси и облици на делување на граѓанските организации

**14. Ве молиме да ги одберете ресурсите што сметате дека би ви биле корисни во вашето работење на теми за реформа на Поглавје 20 (може да се одберат повеќе одговори):**




Согласно анализата на одговорите на ова прашање, при креирање на ресурсниот центар треба да се води сметка истиот да обезбеди што е можно повеќе тренинг материјали и релевантни публикации, потоа да обезбеди алатки за креирање и мониторинг на политики, како и соодветни консултативни и фидбек механизми.

**15. Ве молиме да ги изберете областите/темите за кои сметате дека би било најкорисно да се развиваат ресурси за потребите на граѓанските организации (можност за избор на повеќе одговори):**




Како најзначајни области/теми за кои треба да се креираат ресурси, а кои би ги користеле граѓанските организации, се следните 2 теми: развој и следење на политики, и мапирање на политики. Како што е наведено од испитаниците, учеството на граѓанскиот сектор во креирање и мониторинг на политиките

најмногу е отежнато поради недостаток на информации за: самите политики, за степенот на реализираност на мерките, за реализираните износи на државно финансирање на мерките на политиките, како и за резултатите од тие мерки. Во таа насока, ресурси што би овозможиле полесен пристап до овие податоци би биле исто така корисни.

### 16. Ве молиме да го оцените нивото на важност на следните аспекти за унапредување на севкупниот реформски процес на Поглавје 20 (1 - најниско до 5 - највисоко):




| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Зајакнување на дијалогот со бизнис заедницата | Поголема вклученост на граѓанскиот сектор | Градење на капацитети на сите чинители | Зголемување на финансиските средства наменети за инструментите на претпријатија и индустриска политика | Зајакнување на институционалниот капацитет со создавање на нови институции (акцелератори, фонд за еквити и мезанин инвестиции и сл.) |

Најголемиот дел од испитаниците смета дека за да се унапреди реформскиот процес во Поглавје 20 неопходно е да се зголемат капацитетите на сите чинители, да се зголемат средствата предвидени за поврзаните политики и инструменти како и да се зајакне дијалогот со бизнис и граѓанскиот сектор. Создавањето на нови институции не е од најпримарно значење. Наместо создавање нови институции, граѓанските организации предлагаат подобро разграничување на одговорностите на постоечките институции во секоја од подобластите од поглавјето, од оние кои спроведуваат политики и од оние кои треба да вршат контрола и евалуација на резултатите. Дополнително, да се направи рационализација на државните институции во оваа област - државното финансирање е недоволно за да се дели на толкав број на институции и инструменти, а недоволни се и постигнатите резултати за да го оправдаат постоењето на дел од овие институции и инструменти.

### 17. Кои облици на делување на граѓанскиот сектор според вас се најефективни за придонес кон реформскиот процес на Поглавје 20?

- Градење на мрежи од ГО за поефикасни предлог политики и мониторинг на постоечките
- Следење на политики и мониторинг на имплементација
- Креирање на политики и застапување
- Фидбек механизми
- Консултации за закони и политики (на пример преку ПВР процесот кој реално не функционира кај нас), мониторинг на спроведување на политики и законска регулатива итн.

- Промовирање и информирање, целосна информираност и вклученост на секторот од секој аспект.
- Организирани со повеќе чинители кои вистински работат на дадената проблематика
- Директен дијалог со владата и ресорните министерства и агенции на база на претходни анализи и донесени заклучоци
- Спроведување истражувања и креирање препораки, Имплементација на обуки, работилници, семинари и натпревари, Состаноци и фокус групи со локалните и националните власти.
- Зголемен дијалог и транспарентност со институциите кои ја креираат индустриската политика, Дијалог со бизнис заедницата и поттикнување на општествената одговорност и социјалното претприемништво
- Истражување и дебата со сите засегнати страни (граѓани, невработени, бизнис сектор- вклучувајќи ги и малите и средни претпријатија и индивидуалците, потенцијални инвеститори и владини и локални институции за поддршка и развој на претприемништво) заради прецизно детектирање на потребите и проблемите, како и изнаоѓање на решенија или унапредување на веќе постоечките политики и стратегии. Тим/Комисија/Локално-Национално тело за Мониторинг и евалуација во текот на имплементирање на политиките, стратегиите, акционите планови и по имплементирањето, со јасно претставени резултати, недостатоци, недоследности и преземање одговорност за неимплементирање на акциите.
- Застапување на секторот пред владините институции преку зајакнување на дијалогот и утврдување на правилни чекори и реформски промени за зголемување на конкурентноста
- Обуки, работилници за подобрување на капацитети во одделни области - Комуникација со засегнатите страни - Форуми, консултативни активности - Учество во креирање на политики - Мониторинг и евалуација на политики и програми, креирање на документи за јавни политики
- Преку мапирање и следење на политиките, вештини за креирање на мониторинг од поглавје 20 до градење на капацитети на НВОи за застапување на теми во областа на реформа на Поглавје 20

Анализата на добиените одговори укажува на потреба од делување во следните три области: 1) креирање проекти за: анализа на политиките и застапување за нивна промена; нудење директни услуги на деловната заедница; градење на капацитетите во граѓанскиот, приватниот сектор и државните институции; 2) информирање на јавноста за (не)ефективноста и (не)ефикасноста на политиките и инструментите; 3) креирање мрежи и коалиции и здружување на малите ресурси на граѓанскиот, приватниот сектор и државните институции за заеднички акции

**18. Дополнителен коментар:**

Асоцијациите и другите организации кои имаат мандат да застапуваат интереси на засегнати страни мораат да добијат поддршка за јакнење на капацитетите а граѓанскиот сектор да понуди конкретни форми на поддршка на претпријатијата.

## 3. ЗАКЛУЧОК

Спроведеното истражување на потребите на граѓанскиот сектор уште еднаш ја потврди потребата од подигање на свест и капацитети за негово соодветно инволвирање во сите аспекти на Поглавје 20, од инструменти преку политики до конкретни програми за поддршка на реформските процеси. Во најголема мерка, **граѓанските организации имаат само одредени познавања од наведеното поглавје и само мал дел од нив се целосно запознаени со неговата структура** како и со улогата што нивната организација ја има при реализација на неговите реформски приоритети. При тоа, граѓанските организации најмногу делуваат на полето на подобрување на конкурентноста, иновативноста и претприемништвото, потоа на пристапот на МСП до финансиски услуги и РИА. Што се однесува до типот на активности, најголемиот дел од граѓанските организации спроведуваат истражувачки активности и обезбедуваат услуги и инструменти за поддршка на МСП и претприемништвото, додека пак **бројот на организации вклучени во процесите на креирање и мониторинг на имплементација на политики е помал**.

Граѓанските организации најмногу се запознаени со програмите за поддршка на конкурентност, иновативност и претприемништво од Министерството за економија и Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија. **Најмалку сознанија имаат за политиките и програмите за поддршка на занаетчиството и туризмот. Дополнително, недоволно сознанија има и за НПАА, Стратегијата за ЈИЕ, Индустриската политика на РМ и Стратегијата за конкурентност.** Воедно, се утврдува и потреба за зголемена информираност за активностите на НСКП и РИА, како и за ENIF и WBIF ако се земе предвид дека голем дел од организациите се инволвирани во пружање на поддршка на МСП.

Во однос на приоритетите и мерките предвидени во рамки на НПАА 2016 истите се оценети како доста релевантни и потребни, а две од нив (Едношалтерски систем за домашни и странски инвеститори, и Формирање мрежа на експерти кои ќе нудат услуги на иновативните компании) се издвоија како најрелевантни од гледна точка на организациите испитаници. Проширувањето на мерките за поддршка на МБПР и АППРМ исто така е издвоено како потребно, додека нешто помал интерес е изразен за изработка на законска регулатива за бизнис ангели. Моментално, освен за туризам, Поглавје 20 не се фокусира на некој друг сектор од индустријата или бизнисот. Само мал дел од испитаните граѓански организации имаа јасен став по однос на тоа дали се или не се потребни нови секторски политики како дел од реформските приоритети. Единствен конкретно предложен сектор е текстил, облека и кожа.

Најмалку половина од испитаните граѓански организации сметаат дека постои простор за унапредување на нивните капацитети за работа на теми што се релевантни за Поглавје 20, особено во делот на креирање на политики, програми и инструменти. Испитаниците сметаат дека поседуваат соодветни вештини за организирање на јавни расправи и друг тип на консултативни и фидбек активности. Најголемиот дел од испитаниците (41) би сакале да земат учество во тематски експертски работилници за анализа на решенија поврзани со политиките, инструментите и програмите на Поглавје 20. **Сите облици на градење на капацитети предвидени во проектот се оценети како позитивни**, со тоа што одредена предност е дадена на информативни состаноци за процесот на реформа во Поглавје 20, како и на обуките за креирање и мониторинг на политики и за составување/пишување на истражувачки проекти поврзани со реформскиот процес во Поглавје 20.

При креирање на ресурсниот центар треба да се води сметка истиот да обезбеди што е можно повеќе **тренинг материјали и релевантни публикации**, потоа да обезбеди **алатки за креирање и мониторинг на политики, како и соодветни консултативни и фидбек механизми**. Како најзначајни области/теми за кои треба да се креираат ресурси, а кои би ги користеле граѓанските организации, се следните 2 теми: развој и следење на политики, и мапирање на политики.

Најголемиот дел од испитаниците смета дека за да се унапреди реформскиот процес во Поглавје 20 неопходно е да се зголемат капацитетите на сите чинители, да се зголемат средствата предвидени за поврзаните политики и инструменти како и да се зајакне дијалогот со бизнис и граѓанскиот сектор. Анализата на добиените одговори укажува на **потреба од делување во следните три области**: **1)** креирање проекти за: анализа на политиките и застапување за нивна промена; нудење директни услуги на деловната заедница; градење на капацитетите во граѓанскиот, приватниот сектор и државните институции; **2)** информирање на јавноста за (не)ефективноста и (не)ефикасноста на политиките и инструментите; **3)** креирање мрежи и коалиции и здружување на малите ресурси на граѓанскиот, приватниот сектор и државните институции за заеднички акции.

## 4. АНЕКС 1

### Прашалник за потребите на граѓанскиот сектор од областа на реформи во Поглавје 20 – Претпријатија и индустриска политика

Овој прашалник е дел од истражувањето на потребите на граѓанските организации релевантни за реформскиот процес во Поглавје 20 – Претпријатија и индустриска политика.

Прашалникот содржи три области: (1) Приоритетни области од Поглавје 20 – Претпријатија и индустриска политика; (2) Унапредување на капацитетите на граѓанскиот сектор од Поглавје 20; и (3) Потребни ресурси и облици на делување на граѓанските организации; со вкупно 20 прашања за кои ќе ви биде потребно да одвоите 15 минути од вашето време.

Имајќи ја предвид вашата значајна улога во граѓанскиот сектор во Македонија ве молиме да одговорите на прашањата најдоцна до 11 август (петок) 2017 г. Дополнителни информации може да добиете на е-пошта mir@mir.org.mk. Ви благодариме за издвоеното време за одговарање на поставените прашања.

Прашалникот е подготвен во рамки на проектот „Јакнење на капацитетите и механизмите за поддршка на реформскиот процес на Поглавје 20“. Проектот е спроведуван од Фондацијата Претприемачки сервис за млади (ПСМ), Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување (МИР) и Здружението за рурален развој „Јавор“-Зрновци, а финансиски поддржан од Европската Унија.

Преку имплементација на активностите, проектот цели да постигне координација помеѓу граѓанските организации во реформскиот процес за Поглавје 20, да ги зајакне капацитетите на граѓанските организации за креирање на политики, вмрежување и мониторирање на политиките за Поглавје 20, да се подобри координацијата и трансферот на знаење помеѓу граѓанските организации и останатите релевантни чинители и да се подигне свеста за значењето на Поглавје 20 за целокупниот напредок на земјата кон ЕУ.

**Област 1. Приоритетни области од Поглавје 20 – Претпријатија и индустриска политика**

**1. Во колкава мерка вие лично сте запознаени со процесот на реформи во Поглавје 20? ***

- ☐ Немам никакви познавања
- ☐ Имам одредени познавања
- ☐ До одредена мерка
- ☐ Во голема мерка
- ☐ Целосно запознаен/а

**2. Дали вашата организација работела на теми/прашања поврзани со Поглавје 20 (принципи, инструменти и политики)? ***

- ☐ Да
- ☐ Не

3. **Доколку одговоривте со „ДА“, наведете ги областите во кои делувате (може да одберете повеќе од еден одговор) *:**
   - ☐ Активности на Националниот совет за претприемништво и конкурентност (НСПК)
   - ☐ Регулаторна гилотина и проценка на влијанието – РИА
   - ☐ Подобрување на конкурентноста, иновативноста и претприемништвото на македонските фирми
   - ☐ Пристап на МСП до финансиски услуги
   - ☐ Зголемување на атрактивноста на Македонија како туристичка дестинација
   - ☐ Поддршка на процесот на привлекување на странски директни инвестиции
   - ☐ Не спроведуваме активности од областа на Поглавје 20
   - ☐ Друго

   **Доколку избравте „Друго”, наведете:**

4. **Ве молиме наведете ги конкретните активности што ги спроведувате (може да одберете повеќе од еден одговор) *:**
   - ☐ Истражувачки активности
   - ☐ Креирање на политики
   - ☐ Мониторинг на имплементација на политики и инструменти
   - ☐ Застапување
   - ☐ Обезбедување на услуги за МСП
   - ☐ Креирање и имплементација на инструменти за поддршка на претприемништвото
   - ☐ Не спроведуваме активности од областа на Поглавје 20
   - ☐ Друго

   **Доколку избравте „Друго”, наведете:**

5. **Колку сте запознаени со опфатот и примената на следните стратешки и програмски документи? *:**

| | Немам никакви познавања | Имам одредени познавања | До одредена мерка | Во голема мерка | Целосно запознаен/а |
|---|---|---|---|---|---|
| Спогодба за стабилизација и асоцијација | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Стратегија ЕУ 2020 | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Стратегија за ЈИЕ 2020 | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Индустриска политика на РМ (2009-2020) | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Стратегија за развој на занаетчиството (2011-2020) | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Стратегија за иновации (2012-2020) | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Програма за конкурентност, иновативност и претприемништво – Министерство за економија | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Програмата за поддршка на конкурентност, иновативност и претприемништво на МСП (Агенција за поддршка на претприемништвото на РМ) | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Програма за развој на туризмот – Министерство за економија | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Програма за поддршка и промоција на туризмот (Агенција за поддршка и промоција на туризмот) | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Стратегија за конкурентност со акционен план на Република Македонија 2016-2020 | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |

6. **Колку сте запознаени со активностите и инструментите на реформскиот процес во Поглавје 20? *:**

| | Немам никакви познавања | Имам одредени познавања | До одредена мерка | Во голема мерка | Целосно запознаен/а |
|---|---|---|---|---|---|
| Активности на Националниот совет за претприемништво и конкурентност (НСПК) | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Регулаторна гилотина и проценка на влијанието на регулативата (ПВР & РИА) | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Единствен национален електронски регистар на прописи - ЕНЕР | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Портал КОНКУРЕНТНОСТ.МК | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Мастер план за конкурентност на РМ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Мерки за поддршка на претприемништвото | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Мерки за поддршка на кластерското здружување | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Мерки за поддршка на занаетчиството | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Мерки од индустриската политика за поддршка на МСП | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Мерки на Македонската банка за поддршка на развојот (МБПР)/кредитни линии на ЕИБ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Учество во програми на заедницата (Хоризонт 2020 и КОСМЕ) | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Фонд за иновации и технолошки развој (ФИТР) | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Регионален фонд за иновации ENIF | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Платформа за развој на претпријатија и иновации за Западен Балкан - WBIF | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Мерки за поддршка и промоција на туризмот | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Мерки за поддршка на странски директни инвестиции (СДИ) | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |

**7. Ве молиме да го оцените нивото на задоволување на потребите на целните групи за секоја активност и инструмент преку избор на оценка од 1 (најниско) до 5 (највисоко) *:**

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | Не сум запознае/а |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Активности на Националниот совет за претприемништво и конкурентност (НСПК) | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Регулаторна гилотина и проценка на влијанието на регулативата (ПВР & РИА) | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Единствен национален електронски регистар на прописи - ЕНЕР | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Портал КОНКУРЕНТНОСТ.МК | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Мастер план за конкурентност на РМ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Мерки за поддршка на претприемништвото | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Мерки за поддршка на кластерското здружување | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Мерки за поддршка на занаетчиството | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Мерки од индустриската политика за поддршка на МСП | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Мерки на Македонската банка за поддршка на развојот (МБПР)/кредитни линии на ЕИБ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Учество во програми на заедницата (Хоризонт 2020 и КОСМЕ) | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Фонд за иновации и технолошки развој (ФИТР) | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Регионален фонд за иновации ENIF | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Платформа за развој на претпријатија и иновации за Западен Балкан - WBIF | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Мерки за поддршка и промоција на туризмот | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Мерки за поддршка на странски директни инвестиции (СДИ) | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |

**8. Ве молиме изразете го вашето мислење во однос на потребата од следните активности*:**

| | Воопшто не се согласувам | Не се согласувам | Неутрален/а | Се согласувам | Потполно се согласувам | Не сум запознаен/а |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Креирање на нова стратегија за МСП | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Креирање на стратегија за женско претприемништво | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Проширување на мерките на МБПР | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Изработка на законска регулатива за бизнис ангели | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Едношалтерски систем за домашни и странски инвеститори | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Формирање мрежа на експерти кои ќе нудат услуги на иновативните компании | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Проширување на ваучерскиот систем на советување и проектот Инфо Пулт (АППРМ) | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Веб портал со интегриран систем за водење на туристички и угостителски регистри | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Проект рурални туристички развојни зони | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |

**9. Дали сметате дека треба да се воведат нови политики по сектори во Поглавје 20? *:**

- ☐ Да
- ☐ Не
- ☐ Не знам

**10. Доколку одговоривте со „ДА“, наведете го секторот/ите за кои сметате дека треба да бидат адресирани во Поглавје 20 *:**

**<u>Област 2. Унапредување на капацитети на граѓанскиот сектор од Поглавје 20</u>**

**11. Како ги оценувате капацитети на вашата организација за работа на теми релевантни за Поглавје 20? *:**

- ☐ Воопшто не постојат
- ☐ Развиени во помала мерка
- ☐ Развиени во поголема мерка
- ☐ Целосно развиени капацитети

Место за коментари:

**12. Ве молиме дадете оценка на нивото на вашите вештини преку избор на оценка од 1 (најниско) до 5 (највисоко) за*:**

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање на политики и програми за Поглавје 20 | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Мониторинг и евалуација на политики и програми, креирање на документи за јавни политики | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Креирање и/или имплементација на Поглавје 20 инструменти | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Застапување и комуникација на интересите на целните групи | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Организирање на јавни расправи и друг тип на консултативни и фидбек активности | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |

**13. Молиме да ги одберете активностите што би биле од значење од аспект на градење или зајакнување на капацитетите за работа на теми поврзани со реформите во Поглавје 20 (може да се одберат повеќе одговори)*:**

- ☐ Информативни состаноци/работилници за процесот на реформа во Поглавје 20
- ☐ Обуки за подобрување на капацитети во одделни области од Поглавје 20
- ☐ Обуки за подобрување на вештини за креирање и мониторинг на политики
- ☐ Обуки за подобрување на капацитетите за застапување на теми во областа на реформа на Поглавје 20
- ☐ Работилници за составување/пишување на предлог истражувачки проекти поврзани со реформскиот процес во Поглавје 20
- ☐ Работилници за односи со јавноста во однос на теми/прашања поврзани со реформата на Поглавје 20, како и за комуникација со засегнатите страни
- ☐ Тематски експертски работилници за анализа на решенија поврзани со политиките, инструментите и програмите на Поглавје 20

**Друго, наведете**

## Област 3. Потребни ресурси и облици на делување на граѓанските организации

**14. Молиме да ги одберете ресурсите што сметате дека би ви биле корисни во вашето работење на теми за реформа на Поглавје 20 (може да се одберат повеќе одговори)*:**

- ☐ Алатки за креирање и мониторинг на политики
- ☐ Консултативни и фидбек механизми
- ☐ Тренинг материјали и публикации на теми/прашања релевантни за Поглавје 20
- ☐ Прирачници за креирање на документи за јавни политики
- ☐ Вебинари и други дигитални ресурси

**Друго, наведете:**

**15. Ве молиме да ги изберете областите/темите за кои сметате дека би било најкорисно да се развиваат ресурси за потребите на граѓанските организации (можност за избор на повеќе одговори) *:**

- ☐ Развој и следење на политики
- ☐ Мапирање на политики
- ☐ Водење на кампањи
- ☐ Застапување
- ☐ Одговорност

**Друго, наведете:**

16. **Ве молиме да го оцените нивото на важност на следните аспекти за унапредување на севкупниот реформски процес на Поглавје 20 (1 - најниско до 5 - највисоко) *:**

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | Не знам |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Зајакнување на дијалогот со бизнис заедницата | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Поголема вклученост на граѓанскиот сектор | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Градење на капацитети на сите чинители | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Зголемување на финансиските средства наменети за инструментите на претпријатија и индустриска политика | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| Зајакнување на институционалниот капацитет со создавање на нови институции (акцелератори, фонд за еквити и мезанин инвестиции и сл.) | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |

**Друго, наведете:**

17. **Кои облици на делување на граѓанскиот сектор според вас се најефективни за придонес кон реформскиот процес на Поглавје 20? ***

18. **Дополнителен коментар:**

19. **Име на организацијата *:**

20. **Е-маил или друг контакт податок*:**



ПСМ Фондација
02 3108 891
www.yes-network.org
contact@yes.org.mk